# Предавање

# ПО ПАТИШТАТА НА САВА ШУМАНОВИЌ

**Предавач: Весна Буројевиќ, директорка на Галеријата на слики „Сава Шумановиќ“ во Шид**

**Петок, 25 ноември 2016 година во 18.00 часот во Галеријата на Македонската академија на науките и уметностите**

По повод затворањето на гостувачката изложба на Галеријата Матица српска *Добровиќ, Шумановиќ, Коњовиќ, Шупут – Европски контексти* во Галеријата на Македонската академија на науките и уметностите, во петок, на 25 ноември 2016 година во 18.00 часот ќе се одржи предавање за сликарот Сава Шумановиќ. За Шумановиќ, неговиот животен пат и уметничкото творештво ќе говори Весна Буројевиќ, директор на Галеријата на слики „Сава Шумановиќ“ во Шид.

**Еден од најзначајните српски уметници Сава Шумановиќ потекнува и успева да се истакне во сликарската генерација која српската уметност ја вовела во европските текови по Првата светска војна, како и да биде забележан од страна на искусните француски критичари**.

Сава Шумановиќ (1896–1942) е роден во угледно граѓанско семејство. Воспитувањето кое го добил, несебичната поддршка од семејството во секоја смисла, како и неговиот карактер и талент се чинители кои му овозможиле да стане извонреден уметник. Во потрага по знаење, го напуштил родителскиот дом како десетгодишно момче. Се школувал и живеел во Земун, Загреб и Париз. Во Шид се вратил во 1930 година како формирана личност, афирмиран уметник, но со нарушено здравје. Во родителскиот дом ја поминал последната деценија од животот во неверојатен творечки занес.

Припаѓал на сликарската генерација која српската уметност по Првата светска војна ја вовела во современите европски текови. Во времето кога решил своето знаење и можности да ги провери и унапреди во Париз, таму од истите причини веќе престојувале бројни уметници од целиот свет. Шумановиќ успеал да се истакне во тоа интернационално окружување, што ни најмалку не било едноставно, бидејќи тука биле Де Кирико, Шагал и Сутин, неизбежниот Пикасо, Миро и многу други.

Во текот на третата деценија на XX век во Париз престојувал три пати. За време на првиот престој, во 1920 година, преку усовршување во ателјето на Андре Лот ги прифатил современите тенденции во сликарството и станал најзначаен претставник на конструктивизмот во српското сликарство. За време на вториот престој во Париз, од 1925 до 1928 година, во времето кога многу значајни странци се бореле за дел од парискиот простор, Шумановиќ од најугледните француски критичари добивал

признание. Учествувал на многубројни изложби, а неговите слики биле забележани, коментирани и репродуцирани во стручни списанија. Францускаta влада во 1926 година откупила два акта кои и денес се наоѓаат во музеите во Франција. Учествувал во декорирањето на „Купола“, култната кафеана на Монпарнас, каде што првиот столб и денеска го красат четирите женски фигури кои ги насликал Шумановиќ. Секако извонреден успех претставувало објавувањето на сликата *Пијан брод* на насловната страница на уметничкото списание *Le Crapouillot* во февруари 1928 година. Есента во 1928 година приредил самостојна изложба во Белград, на која ги продал сите слики. Со парите кои ги заработил од продажбата на сликите се вратил во Париз и по сопствено кажување тоа му бил најубавиот престој во градот на светлоста. Си допуштил себе си во потполност да се приклучи на животот кој го живееле уметниците на Монпарнас и со тоа успеал да се ослободи од младешките предрасуди, да созрее и слободно да се препушти на својот уметнички пат.

Искуството од Париз кое истовремено се однесува на богатството на традицијата, која се чува во музеите и силата на интернационалната атмосфера која владеела во уметничките кругови, го понел со себе во Шид кога се вратил дома во март 1930 година. Во сигурноста на родителскиот дом, во мирот на провинциското место, дистанциран од сите случувања, можел во потполност да се посвети на она што најмногу го сакал и она што претставувало смисла на неговиот живот, сликарството. За тоа сведочи импозантниот број од 600 слики кои ги насликал во текот на последната деценија од животот, а две теми доминирале: пејзаж и акт. Карактеристичен метод на работа на Шумановиќ е творењето во циклуси. Најпознати циклуси се *Капачки (Шидјанки), Пролет во шидските бавчи, Детски ликови*.

Во Белград, во 1939 година приредил извонредна самостојна изложба, последна во животот, која останала запаметена по бројот на изложените дела (410) и големиот успех. Повеќе од 100 слики продал, многу подарил. Во Шид се вратил полн со елан и продолжил да слика со несмален жар до самиот крај. Крајот можел да се насети веќе во април 1941 година кога Шид потпаднал под власта на Независна држава Хрватска. Уметникот престанал да ги потпишува сликите. Со едноставна симболика, се исклучил себе си од светот кој го создава и со тоа како да го навестил своето заминување од овој свет. Сликал до самиот крај. Кога дошле усташките агенти по него, рано наутро на 28 август 1942 година, на штафелајот останала тукушто довршената слика *Берачки*. Уметникот зачекорил во еден друг живот, вечен живот.